Република Северна Македонија

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47-552-661

**Бр. 18**

**11.12.2024**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/0202 и Сл.весник на РСМ бр.202/24), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Демир Хисар за 2024 година**

1. Ја објавувам Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Демир Хисар за 2024 година, донесена на вонредна седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на ден 11.12.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1170/1**
**11.12.2024 година**
**Демир Хисар**

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник**
**Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002 и Сл.весник на РСМ бр. 202/2024), член 34 од Законот за Буџетите (Сл.весник на РМ бр. 64/2005,4/2008,103/2008, 156/2009, 95/2010, 180/2011,171/2012, 192/2015,167/2016 и Сл.весник на РСМ бр. 151/21) и член 43 став 1 точка 2 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл.гласник на Оштина Демир Хисар бр. 03/02, 04/05, 07/09, 13/14, 18/16, 10/19, 7/21 и 21/23) Советот на Општина Демир Хисар на 47ма седница одржана на 11.12.2024 год. донесе

# О Д Л У К А

**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина ДЕМИР ХИСАР**

**за 2024 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина ДЕМИР ХИСАР за 2024 година на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | БУГЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 401130 | Основни плати - други вработени | 0 | 0 | -30.000 | 0 | 0 |
| 401310 | Персонален данок на доход од плата | 0 | 0 | -4.500 | 0 | 0 |
| 401320 | Персонален данок на доход од надоместоци | 0 | 0 | -1.000 | 0 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 0 | 0 | -10.000 | 0 | 0 |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | 0 | 0 | -4.000 | 0 | 0 |
| 402220 | Основен придонес за професионално заболување | 0 | 0 | -1.000 | 0 | 0 |
| 402310 | Основни продонеси до Агенцијата за вработување | 0 | 0 | -1.500 | 0 | 0 |
| 421220 | Дрва | 0 | 0 | 34.000 | 0 | 0 |
| 423610 | Наставно-образовни помагала | 0 | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| 423990 | Други материјали | 0 | 0 | 8.000 | 0 | 0 |
| **N20** | **СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 401320 | Персонален данок на доход од надоместоци | 0 | 0 | 12.000 | 0 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 0 | 0 | -16.000 | 0 | 0 |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | 0 | 0 | -30.000 | 0 | 0 |
| 402220 | Основен придонес за професионално заболување | 0 | 0 | -1.000 | 0 | 0 |
| 402310 | Основни продонеси до Агенцијата за вработување | 0 | 0 | -15.000 | 0 | 0 |
| 421110 | Електрична енергија | 0 | 0 | 50.000 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Демир Хисар и станува составен дел на буџетот на општината за 2024 година

Бр. 17 - 1167/2
11.12.2024

Претседател на Советот на Општината
Љупчо Најдовски

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/22 и „Службен весник на Репубика Северна Македонија“ бр.202/24) член 24а став 1 алинеја 1 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/1996, 06/02, 40/03,49/06,22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19 и 69/22) и член 32 од Статутот на Јавното Претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар, Градоначалникот на Општина Демир Хисар донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување на директор на
Јавнотото Претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар

Член 1

Се разрешува Александар Чорбевски од вршител на должност директор на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар на ден 30.11.2024 година, на негово барање.

Член 2

Со влегувањето на сила на ова решение, претстанува да важи решението за именување на директор на ЈП ДЕХИ Транс Демир Хисар, донесено од страна на Градоначалникот на Општина Демир Хисар бр. 08-148/1 од 01.02.2024 година како и договорот за работа на директорот на ЈП ДЕХИ Транс Демир Хисар (менаџерски договор) бр.08-162/1 од 02.02.2024 година.

Член 3

Решението влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Образложение:**

Александар Чорбевски е именуван на должноста директор на Јавното претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар со Решение за именување бр.08-148/1 на 01.02.2024 година, донесено од страна на Градоначалникот на Општина Демир Хисар а согласно тоа е потпишан и договор за работа на директорот на ЈП ДЕХИ Транс Демир Хисар (менаџерски договор) бр.08-162/1 од 02.02.2024 година.

На ден 29.11.2024 година, именуваниот до Градоначалникот на Општина Демир Хисар достави барање за разрешување од лични причини, заведен во архивата на Општина Демир Хисар под број 08-1146/1.

Согласно горенаведеното, градоначалникот одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:**

Против ова решение може да се изјави жалба во рок од 8 дена од денот на приемот до Државната комисија за управна постапка и решавање на права од работен однос од втор степен.

Доставено до:
- Разрешениот
-Архивата на Општина Демир Хисар
-Архивата на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар

Општина Демир Хисар
Бр.08-1146/2 Градоначалник
29.11.2024 Никола Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/22 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) член 24а став 1 алинеја 1 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/1996, 06/02, 40/03,49/06,22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19 и б9/22) и член 32 од Статутот на Јавното Претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар, Градоначалникот на Општина Демир Хисар донесе:

РЕШЕНИЕ
за именување на вршител на должност директор на
Јавнотото Претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар

Член 1
За вршител на должност директор на Јавнотото Претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар Демир Хисар се именува Данка Петреска, вработена во претпријатието на работно место работоводител.

Член 2
Мандатот на вршителот на должноста директорот започнува на 01.12.2024 година со времетраење не подолго од шест месеци од денот на нејзиното именување.

Член 3
Вршителот на должност директор склучува договор со Градоначалникот на Општина Демир Хисар за уредување на односите со јавното претпријатие, во кој поединечно се утврдуваат правата, одговорностите и овластувањата согласно со законот за јавни претпријатија.

Член 4
Решението влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Образложение:**

Со оглед на тоа дека досегашниот директор на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар беше разрешен со решение од страна на Градоначалникот на Општина Демир Хисар бр.08-1146/2 на 29.11.2024 година, со влегување во сила на 30.11.2024 година, Градоначалникот на Општина Демир Хисар одлучи како водиспозитивот на ова решение.

**Правна поука:**

Против ова решение може да се изјави жалба во рок од 8 дена од денот на приемот до Државната комисија за управна постапка и решавање на права од работен однос од втор степен.

Доставено до:
-Именуваниот
-Архивата на Општина Демир Хисар
-Архивата на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар

08-1147/1
29.11.2024

Општина Демир Хисар
Градоначалник
Никола Најдовски с.р.

-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**СОДРЖИНА**

1.Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Демир Хисар за 2024 година-------------------------------------------------------------------------------------------------------------2
2. Решение за разрешување на директор на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар---------------------2-3
3.Решение за именување на вд директор на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар----------------------3-4

**Општина Демир Хисар, ул. Битолска бр.8**
**тел. 047/552-661**

**Градоначалник**
**Никола Најдовски**

**Компјутерска обработка**
**Виолета Пајковска**